Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 16.06. 2015 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесетитретата седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Четириесетитретата седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 16.06.2015 година (вторник) со почеток во 15:00 часот** во големата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

- Усвојување на записникот од четириесетипрвата седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 12.05. 2015 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука За давање согласност на Извештајот за материјално-финансово работење на ЈКП ,,Комуналец ,, за период 01.01.2015-31.03.2015 година бр.0103-257/2 од 21.05.2015 година;

**Точка 4**
`Предлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување цени на вода за пиење во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за превземање водоводен систем во МЗ Кадрифаково од страна на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2015 година;

**Точка 7**

Барање одобрување за санација, надградба и ослободување од комуналии од Китановски Стојан;

**Бр.0801-390** **Совет на Општина Свети Николе**
**10.06.2015 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**